J.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
I.SH.P. INSTITUTI I SHËNDETIT PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
ул. 50 Дивизија бр.6, Скопје ▪ Телефон: (02) 3125-044 Факс: 3223-354
Rr. „50 Divizija" nr. 6, Shkup ▪ Telefon: (02) 3125-044 Faks. 3223-354

Трезорска сметка - ЈЗУ ИЈЗРСМ: 100000000066005 ▪ НБРСМ ▪ Сметка на Буџетски корисник: 6602500053-531-56 ▪ Приходна шифра 723819
Llogaria e thesarit – ISHP ISHPRMV: 100000000066005 ▪ BPRMV ▪ Llogaria e shfrytëzuesit buxhetor: 6602500053-531-56 ▪ Shifra e të ardhurave: 723819

Скопје /Shkup 01.07 ,2025

ПРЕДМЕТ бр. / LËNDA nr. 04-991/15

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020 ), директорот на ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје донесе

**ОДЛУКА**

за избор на 1 (еден) извршител – кандидат за административен службеник за работно место број 1 по Јавен оглас број 239/2025

1. За извршител на работите на работно место бр. 1 – ЗДР0102Б04007 Раководител на одделение за јавни набавки, одделение за јавни набавки, во Сектор за административни работи и логистика, се избира кандидатот Милан Стефаноски.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

***Образложение:***

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на директорот на Агенција за администрација бр. 10-955/3 од 20.05.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административните службеници за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавување на Јавен оглас број 239/2025, објавен на 13.05.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „ Коха", спроведе постапка за селекција за вработување на наведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, односно административната селекција, испитот за административен службеник и проверка на веродостојност на доказите и интервју, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 239/2025 број 10-955/7 од 01.07.2025 година, врз основа на кои директорот на ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа олука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена по објавувањето на истата на интернет страницата и огласна табла на Агенцијата.

**ВД ДИРЕКТОР**

**Науч. Сор. Д-р Марија Андоновска**